МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 10 став (3) од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија" бр.140/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ И НАЧИНОТ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ЖИТАТА И ОРИЗОТ И НИВНИОТ ТРАНСПОРТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови и начинот за складирање и чување на житата и оризот и нивниот транспорт.

## Член 2

Приемните простории за складирање треба да се:

- изградени од цврст незапалив материјал кој спречува појава на влага, лесно се чисти и одржува, односно е погоден за чистење, дезинфекција и дезинсекција;

- заштитени од влез на инсекти, птици и глодари;

- обезбедени со природно или вештачко осветлување и проветрување;

- обезбедени со приемен кош со кој се разврстуваат зрната според класите утврдени согласно Правилникот за минималните услови за квалитет, својства и класирање на житата и оризот што се ставаат во промет; и

- обезбедени со опрема со која се врши прием и складирање на житата во силосните ќелии во кои се чуваат.

## Член 3

Складишните простории за чување треба да се:

- изградени од цврст незапалив материјал кој спречува појава на влага, лесно се чисти и одржува, односно е погоден за чистење, дезинфекција и дезинсекција;

- заштитени од влез на инсекти, птици и глодари;

- обезбедени со природно или вештачко осветлување и проветрување;

- обезбедени со силоси кои се градежно и технички во функционална состојба;

- обезбедени со функционален систем за мерење на температурата во сите нивоа на силосните ќелии и систем за регистрирање на мерните податоци;

- обезбедени со соодветна транспортна опрема за ускладиштување;

- опремени со соодветни апарати во силосната чистилница со кои се врши лесно отстранување на примесите од масата на житни зрна и

- опремени со средства и алати за чистење на силосите.

**Член 4**

Складирање и чување на жита и ориз се врши доколку складиштарот располага со опрема за мерење на количината и утврдување на квалитетот на житата и оризот кои се складираат и тоа:

- колска вага со записи со кои се верифицира нејзината техничка исправност и исправноста на мерењата;

- рачни сонди за земање примероци (мостри) од масата на житни зрна;

- разделувач на примероци со кој се обезбедува добивање на најмалку три репрезентативни примероци;

- лабораториска опрема:

а) техничка вага со прецизност ± 0,01 g со записи со кои се верифицира нејзината техничка исправност и исправноста на мерењата;

б) прибор за одредување на количина на примеси (решето, лупа и садови): прецизна вага или вага за анализи; сита со отвори од 1,0 мм, 1,8 мм, 1,9 мм, 2,0 мм, 2,2 мм и 3,5 мм и сита со округли отвори од 1,8 мм и 4,5 мм. Ситата може да се вградат во вибрациона маса.

в) опрема за одредување на содржината на влага: прецизна вага, дробалка изработена од материјал што не апсорбира влага, едноставна за чистење, овозможува ефикасно, брзо и рамномерно дробење без претоплување, максимално спречува контакт со надворешен воздух (на пример, расклоплива мелница со валјаци), контејнер изработен од некорозивен метал или стакло, опремен со капак што добро се затвора; работна површина која овозможува распоредување на мострата за тестирање од 0,3 гр. на см2, електрична изотермичка комора за загревање и дексикатор со метален или порцелански сад.

г) опрема за одредување на хектолитарската маса; и

д) опрема за одредување на содржината и квалитетот на протеините.

Доколку правното лице нема лабораториска опрема согласно став 1 алинеја 4 на овој член, треба да обезбеди земање на примероци, заради вршење контрола на квалитетот од страна на овластена лабораторија.

### Член 5

Житата и оризот се транспортираат во превозни средства со кои се обезбедува заштита од надворешни временски влијанија (дожд, град, снег, ветар, сонце, магла и сл.).

### Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-5767/10

19 јули 2011 годинаМинистер,

СкопјеЉупчо Димовски, с.р.